

Зад ШОК насловите најчесто се кријат препишани и непроверени медиумски содржини

Во новинарските лекции постои посебно правило за пишување на наслов на некоја содржина која треба да биде пуштена во јавност и да стигне до одредена публика. Попрецизно, основната функција на насловот е со што помалку зборови и колку е можно подетално да се соопшти најважниот факт од целокупната вест. Тоа треба да е кратка информација за читателите да им имаат јасна претстава за што станува збор во текстот кој е разработен. Насловот воедно има и три епитети кој го карактеризираат, а тоа се: прецизност, ударност и атрактивност. Меѓутоа, во денешно време на електронските веб страни наменети за информирање се почесто се појавуваат сензационалистички наслови. Сензационализмот е штетен за кредибилитетот на новинарството и тој може да предизвика многу несакани последици.

Моментално постои кризна ситуација поради појавата на корона вирусот и е прогласена пандемија на светско ниво. Пропорционално со ширењето на овој вирус, се шират и многу наслови на новинарски текстови поврзани со КОВИД-19, кои всушност ја искористуваат состојбата. Пример за таков наслов е следниов**: „ШОК ПРОГНОЗА НА РУСКИОТ НАУЧНИК: Корона вирусот сам ќе се уништи (ФОТО)“** објавен на веб порталот ulica.mk. Очигледно е дека новинарот користи „мамка за клик“ – употребува голем фонт на букви за привлекување на внимание, а самиот наслов започнува со зборот ШОК.




Истата вест со речиси ист превод на содржината на текстот е објавена и на веб порталите: index24.mk, tocka.com.mk и opusteno.mk.




Во новинарските текстови се користат изјави од проф. д-р Анча Баранова, професорка на Универзитетот за системска биологија во Вирџинија, САД. Мора да се потенцира фактот дека во објавените новинарски содржини нема податоци за која медиумска куќа се дадени, ниту од каде се превземени нејзините буквално цитирани изјави. Ова го иницира прашањето дали овие изјави се релевантни и колку целата вест е вистинита. При процесот на анализирање на текстот, дојдов до заклучок дека истиот е преведен од веб порталот in4s.net, со наведена контакт адреса во Куба *(Calle Lamparilla 110 e, San Ignacio, Havana, Cuba)* и импресум составен од податоци за 7 новинари, а главен и одговорен уредник е Félix Savón. По пребарувањето на името и презимето на уредникот на интернет, не најдов друго лице кое е така именувано, освен кубански познат боксер.

Земајќи ги во предвид овие сознанија, доаѓаме до дилемата колку веб порталот in4s.net нуди релевантни уреднички обликувани и проверени содржини, за истите да се препишуваат и преведуваат со цел да ја информираат јавноста.



Во видеото кое е објавено од страна на проф. д-р Анча Баранова, а кое го пронајдов по кратко онлајн пребарување, јасно е наведено дека вирусот не исчезнува и не се самоуништува, туку дека неговото слабеење се постигнува кога истиот се размножува во нови услови, така што станува помалку заразен со неговото понатамошно развивање.



Гледајќи од поинаков агол, не е воопшто скандалозно ако веста се пренесе од сериозен и релевантен медиум. Проблемот се јавува кога информацијата која е пренесена не е проверена, туку само преведена и дополнително „зачинета“ со сензационалистички наслов. Постојат веб портали кои најчесто привлекуваат внимание со насловите на содржините кои ги нудат. Тоа не се вистински медиуми со цел да информираат, туку се работи за поединци или група луѓе кои само го користат интернетот за да шират некои информации кои едноставно се препишани од некаде или напишани со цел да соберат кликови. Истите немаат никаква допирна точка со начинот на функционирањето на вистинскиот медиум.

Автор:

Даница Сретковска, 15 години